**20110992378**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 105 став (3) и член 112 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010 и 36/2011), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница одржана на 14.7.2011 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за инвестирање на средства на задолжителните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/2010) во член 5 став 2 по точката в) точката и запирката и сврзникот: „и„ се бришат.

Во точката г) точката се брише и се додава точка и запирка и сврзникот: „и„.

По точката г) се додава нова точка „д)„ која гласи:

„д) купува документи за удели и поднесува барање за откуп на документи за удел директно од/на друштво кое управува со приватни инвестициони фондови, издадени по пат на приватна понуда, при што средствата на приватниот инвестиционен фонд се вложуваат согласно член 105 став (1) точка з) од законот.„

Член 2

Во член 6 ставот (5) зборовите: „1 милијарда“ се заменуваат со зборовите: „500 милиони“.

Член 3

Во член 9 став (1) точката б) зборот: „пет“ се заменува со зборот: „три“.

Член 4

Во член 10 став (1) точката б) зборот: „пет“ се заменува со зборот: „три“.

Член 5

Во членот 11 во првиот ред по зборовите: „условите од“ зборот: „член“ се брише.

Член 6

Во член 12 став (1) точката а) зборот: „десет“ се заменува со зборот: „седум“.

Во ставот (2) зборот:„девет“ се заменува со зборот:„шест“.

Член 7

По членот 12 се додава нов член „12-а„ кој гласи:

„Член 12-а

Средствата на задолжителните пензиски фондови може да се инвестираат во акции издадени од акционерски друштва со посебни обврски за известување, освен банки,

наведени во член 105 став (1) точка ѓ) од Законот, доколку акционерското друштво кое ги издава ги исполнува следните услови:

а) Има пазарна капитализација од најмалку 50 милиони евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија;

б) Регистрирано е во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, кој го води Комисијата за хартии од вредност, континуирано во период од најмалку една година пред моментот на инвестирање; и

в) Има извештај за извршена ревизија на годишните финансиски извештаи во кој не е изразено воздржување од мислење или неповолно мислење за последната финансиска година, согласно меѓународните стандарди за ревизија и кој е изработен од најмалку едно друштво за ревизија кое има дозвола за работа издадена од министерот за финансии.

Доколку поради промена на пазарните цени пазарната капитализација на акционерските друштва со посебни обврски за известување, во кои се вложени средства на задолжителниот пензиски фонд, се намали под 40 милиони евра друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд постапува согласно член 109 став (3) од Законот, од денот на настанување на оваа промена.

Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд, во случај на настаната промена на пазарната капитализација од став (2) на овој член, може да продолжи со инвестирањето во таа акција по исполнувањето на условот од став (1) точка а) на овој член.

Средствата на задолжителните пензиски фондови може да се инвестираат во акции кои ги издаваат банки со посебни обврски за известување, регистрирани во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, доколку банката која ги издава ги исполнува условите од член 7 на овој правилник."

Член 8

По членот 13 се додава нов член „13-а„ кој гласи:

„Член 13-а

Средствата на задолжителните пензиски фондови може да се инвестираат во документи за удел на приватни инвестициони фондови во Република Македонија кои имаат одобрение од Комисијата за хартии од вредност, доколку се исполнети следните услови:

а) Друштвото кое управува со приватен инвестиционен фонд има најмалку две години континуирано искуство во управување со средствата во сопственост на трети лица и управувало со најмалку два приватни инвестициони фонда;

б) Вредноста на средствата на приватниот инвестиционен фонд изнесува најмалку 10 милиони евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија;

в) Во приватниот инвестиционен фонд инвестирале најмалку пет инвеститори вклучувајќи го задолжителниот пензиски фонд: и

г) Максималниот износ на средства на задолжителниот пензиски фонд вложени во приватниот инвестиционен фонд да не е поголем од учеството на друштвото кое управува со приватниот инвестиционен фонд."

Член 9

Во членот 14 бројот: „5" се заменува со зборот: „три".

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-945/4
14 јули 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Димовска,** с.р.